РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 08-928 / 1
05.02 2025 год.
КАВАДАРЦИ

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кавадарци |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Марија Камчева- координаторка за еднакви можности на мажите и жените |
| **Период на известување** | 2024 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | |

**Дата: 03.02.2025**

**Име и презиме (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност) **Градоначалник на Општина Кавадарци д-р Митко Јанчев**

**Потпис:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме** (на Раководител на сектор за еднакви можности) **:**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

| |
|---|
| **2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**<br><br>А) Позитивни<br>**Б) Охрабрувачки**<br>**В) Програмски** |
| **2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:,**<br><br>**1.** Јакнење на женски бизнис и промоција на жени претприемачи<br>2.Економско јакнење на жените<br>3.Зајакнување на локалната машинерија за еднакви можности<br>4.Превенција и едукација за женското здравје<br>5. Спречување на семејното и родово- базираното насилство<br>6. Поддршка на жени од рурални средини за рурален развој<br>7. Поддршка на жените во спортот |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br><br>Во спроведување на мерките, нивната успешност ја мериме преку бројот на пријавени учесници на конкурси, јавни повици, број на учесници и посетители на настаните<br><br>**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** **(Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**<br>Во Програмата за еднакви можности имаме предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот. За секоја активност во Програмата е предвиден кои се индикаторите за следење на успешноста и каков е резултатот од спроведената активност. |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>Имаме изготвено Извештај за вклученоста на родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации во Општина Кавадарци. (https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/oglasi/izveshtaj-za-vkluchenost-na-rodovata-perspektiva-vo-planirane-i-upravuvane-so-itni-i-krizni-situacii.docx)<br>Годишен извештај за спроведените активности во 2024 година<br>Онлајн анкета објавена на фб страната на Комисијата за еднакви можности за давање предлози за мерки и активности во новата Програмата за 2025 година |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

1. Анализа на постоечката ситуација- спроведување на анализа на тековната состојба на еднаквите можности на жените и мажите во локалната заедница
2. Развој на специфични цели и индикатори кои ќе го следат напредокот во обезбедување на еднакви можности за жените и мажите
3. Организирање на обуки за вработените и граѓаните од локалната заедница за разбирање и примена на принципите на еднакви можности
4. Вклучување на граѓанските огранизации, здруженија и други локални актери во процесот на креирање и имплементација на стратегиите за еднакви можности
5. Поттикнување на јавната свест за важноста на родовата еднаквост преку кампањи, работилници и други активности

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Преземени се повеќе иницијативи, а резултатот од спроведените иницијативи е покрената свест за женското и машкото здравје, зголемен е бројот на жени кои учествуваат во локалните обуки за бизнис претприемништво, зголемен е бројот на жени кои присуствуваат на граѓанските собири по месни и урбани заедници кои ги организира општината за подготовка на комуналните програми, зголемен е бројот на апликанти на конкурсот за најдобар бизнис план, анализа на анкетите и интервјуата кои го покажуваат степенот на задоволство на граѓаните од спроведувањето на иницијативите за родова еднаквост, процентот на жени кои се вклучени во процесите на донесување на одлуки во локалната самоуправа

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Предвидуваме аутпут индикатори, па така имаме организирано
17 обуки и активности за напредок на иницијативата за еднакви можности на мажите и жените.
3 кампањи кои се спроведени во рамки на програмата за еднакви можности и тоа:
- Кампања по повод 16 дена активизам против родово базирано насилство
- Кампања за покренување на свеста за канцер на дојка кај жените
- Кампања за покренување на свеста за машкото здравје

150 жени учествувале во организираните активности и 30 мажи
80 ученички од средните училишта и 22 ученици од средните училишта
1 Стратегија за родова еднаквост 2024-2027 година
1 Извештај за реализирани активности за родова еднаквост

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/medika/doc/strategija-za-rodova-ednakvost-kavadarci_web.pdf
https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/medika/doc/programa-za-ednakvi-mozhnosti-na-opshtina-kavadarci-za-2024-godina.docx
https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/oglasi/izveshtaj-za-vkluchenost-na-rodovata-perspektiva-vo-planirane-i-upravuvane-so-itni-i-krizni-situacii.docx
https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/oglasi/programa-za-ednakvi-mozhnosti-2025-g.pdf

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Комисијата за еднакви можности во спроведувањето на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите често соработуваме со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на женските права.

Спроведивме заеднички активности со здружението за родова еднаквост „Визија" и тоа:

1. Ликовен конкурс по повод 16 дена активизам против родово базирано насилство и изложба
2. Саем на локални производи по повод меѓународен ден на руралната жена
3.Опремување на Интервентен Центар за привремено згрижување на жртви на семејно насилство и лица во социјален ризик
4.УНДП и Националната Платформа за женско претприемништво
Заеднички организиравме фокус група со жени вклучени во земјоделството

5.Здружението РАДАР и Комисијата за еднакви можности заеднички спроведоа заеднички проект „Вклученост на родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво"

6.Со Биатлон Федерацијата заеднички организиравме панел дискусија на тема „Родова еднаквост во спортот"

7.Со Словенска и Словачка Амбасада и аптеки Бела Фарм организиравме заеднички настан на тема „За твоето здравје нема компромиси" по повод месец на машкото здравје
8.Со Здружението „Хемаонко" и аптеки Бела Фарм организиравме панел дискусија на тема „Твојата борба-твоја сила" по повод месец на свеста против канцер на дојка

9.Олимпискиот Комитет на Македонија во соработка со Комисијата за еднакви можности одржа работилница на тема „Женско лидерство преку спорт"

10.Црвен Крст Кавадарци во соработка со Комисијата з аеднакви можности одржаа трибина за важноста на менталното здравје

11.Комисијата за еднакви можности во соработка со Организацијата на жените на општина Свети Николе се одржаа четврта регионална средба за вмрежување

12.Комисијата за еднакви можности и Europe House Велес организираа проекција на филм на младите во кавадарци на тема дискриминација

13.Здружението на бизнис жени и Комисијата за еднакви можности организираа работилница за млади жени во рамки на проектот Empower-circle: Откривање на потенцијалот на жените лидери за циркуларната економија во Југоисточна Европа

14.Соработка со претставнички од бизнис секторот за објавување на успешни приказни на жени претприемачи во рубриката „Успешни женски бизнис приказни"

15.Во соработка со UN Woman правиме мониторинг на некои од програмите на Општина Кавадарци

16.Со Здружението Stella оствconfigurationarivme заедничка соработка објавување на есеј за публикација на координаторката за еднакви можности на тема „Надвор од екранот: разоткривање на дигиталното родово насилство низ критички осврт" во кој ја анализиравме состојбата на локално ниво со услугита за помош и поддршка од локалната заедница во борбата со родово базирано насилство.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Секторот за човечки ресурси има база на податоци која се однесува на вработените по пол, а таквиот податок е достапен и во Стратегијата за родова еднаквост од 2024 година




| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Вкупно вработени во општина | 77 | 33 |
| Раководни позиции на сектори | 6 | / |
| Раководни позиции на одделенија | 10 | 8 |

Извор: Сектор за човечки ресурси на Општина Кавадарци

База на податоци на корисници на мерки и активности има предвидено само во Програмата за еднакви можности и во Стратегијата за родова еднаквост 2024-2027 година чии линкови ги приложивме погоре.

Останатите програми и планови немаат евиденција и родово разделена статистика

Координаторот за еднакви можности води родово разделена статистика која ја користи исклучиво за подготовката на Програмата за еднакви можности

**2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**

Локалната самоуправа во рамки на Стратегијата за родовата еднаквост има акциски план чии стратешки цели се:

- Економско зајакнување на жените
- Економска независност и еманципација на жени ( Зголемување на бројот на жени сопственички на имот и основачи на бизниси)
- Еманципација на жените од рурапните средини(Искористување на мерките за зајакнување на жените во рурапните средини)
- Зголемување на довербата на граѓаните во институциите во однос на родовото базирано насилство
- Подобрување на содржините за родова еднаквост во образовниот процес ( Обучен кадар за имплементирање на родова компонента во образовниот процес што ќе придонесе за поквалитетен живот на младите жени и мажи во општината)
- Отворање на дневен центар за лица со попреченост
- Зголемување на вработливоста на родителите на децата со попреченост
- Зголемување на степенот на застапеност на жените во локалните медиуми
- Родово одговорно буџетирање на општината
- Зголемување на бројот на жени во донесување на клучни одлуки во јавниот, политичкиот живот
- Вклучување на жените и младите во процесите на креирање на локални политики, годишни општински програми и буџети

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Во прилог е Акцискиот План и извештајот од спроведените активности во 2024 година

# 5. АКЦИСКИ ПЛАН

**Стратешка цел 1: Економско зајакнување на жените**

| Сектор/ Програма | Мерка/Проект | Активности поврзани со мерката | Одговорни институции/ актери | Индикатори на успешност (почетна точка/посакувана состојба) | Временска рамка | Планиран буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1.1: Економска независност и еманципација на жени** | | | | | | |
| Резултат 1.1: Зголемување на бројот на жени сопственички на имот и основачи на бизниси | | | | | | |
| **Програма на Комисијата за еднакви можности** | Зголемување на бројот на жени во донесување на клучни одлуки и вклучување во процесите на креирање на локални политики, годишни општински програми и буџети | • Советодавни работилници од страна на правни лица за жените во врска со нивната имотно-правна сопственост<br>• Изработка на истражување за тоа колку жени во општината се сопственички на имот<br>• Организирање на инфосесии за афирмација на можностите за самовработување преку поттикнување на женско претприемништво<br>• Промоција на успешни претприемачки како модел за добри практики преку размена на искуства | Подрачно одделение за имотно-правни работи (Министерство за правда)<br><br>Комисија за еднакви можности (КЕМ), локални граѓански организации, надворешни експерти | • Зголемен број на жени кои носат клучни одлуки<br>• Зголемен број на жени сопственички на имот<br>• Зголемен број на жени кои поднесуваат барања за легализација<br>**Цел до 2024:**<br>• Зголемување на бројот на сопственички на имот за 15%<br>• Зголемување на број на бизниси водени од жени за 20% до 2027 | 2024-2027 | / |
| **Специфична цел 1.2: Еманципација на жените од руралните средини** | | | | | | |
| Резултат 1.2: Искористување на мерките за зајакнување на жените во руралните средини | | | | | | |
| **Програма на Конисија за еднакви можности** | Зголемување на економска независност и еманципација на жените од руралните средини | • Едукативни работилница за жени од руралните средини за можностите за активни мерки од АВРМ, МЗШВ и Агенцијата за храна за можностите за пристап до фондови и насочување за нивно искористување<br>• Зголемување на информираноста на жените од руралните средини за настини и случувања од нивен интерес<br>• Работилници и лобирање за поголема застапеност на жените во управните тела на месните и урбаните заедници | КЕМ, месни заедници, ГО, | **Почетна точка:**<br>• Број на жени кои користат активни мерки во земјоделието<br>• Број на жени/мажи вклучени во работењето на месните заедници<br>**Цел до 2026:**<br>• Зголемен број на жени кои користат активни мерки за 20%.<br>• 30% жени претседателки на месни заедници<br>**Цел до 2027**<br>• Зголемен број на жени кои користат активни мерки за 40%.<br>• 50% жени претседателки на месни заедници | 2024-2027 | / |

| Специфична цел 2.1. Зголемување на довербата на граѓаните во институциите во однос на родово базирано насилство | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат 1.3:** | | | | | | |
| **Програма за еднакви можности** | Намалување на бројот на жртви на родово базирано насилство | • Едукативни и информативни програми за подигнување на јавната свест за превенција и заштита од родово базираното насилство<br>• Организирање на тренинзи за самоодбрана на жените<br>• Кампања за зголемување на видливоста на услугите на Регионалниот советодавен центар за жени жртви на семејно насилство<br>• Анализа на состојбата и обезбедување одржливи услуги за помош и поддршка на жени жртви на родово базирано и семејно насилство преку собирање на податоци од ЦСР,МВР и ГО<br>• Анкета за потребите и отворање на шелтер центар за згрижување на жртви на семејно насилство | КЕМ, локален економски развој (ЛЕР), ГО, ЦСР,МВР, Социјален совет | **Почетна точка:**<br>Број на одржани обуки/ обучени лица на тренинзите<br>**Цел до 2025:**<br>• Зголемен број на обучени лица за тренинзи за самоодбрана<br>• Отворен шелтер центар за жртви на семејно насилство | Втора половина на 2024 и почеток на 2025 | 300.000 МКД |



| Специфична цел 3.1: Подобрување на содржините за родова еднаквост во образовниот процес | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат 3.1: Обучен кадар за имплементирање на родова компонента во образовниот процес што ќе придонесе за поквалитетен живот на младите жени и мажи во општината** | | | | | | |
| **Програма за еднакви можности и Програма за образование** | Зајакнување на капацитетите на образовниот кадар и менаџментот на училиштата за имплементирање на родова компонента во образовниот процес | • Спроведување на обуки за директорите и наставниците за воведување на вон-наставни активности за родова еднаквост<br>• Поднесување на иницијатива до МОН за воведување на изборен предмет „родова еднаквост"<br>• Организирање на едукативни работилници за родова еднаквост и булинг помеѓу учениците<br>• Стручно усовршување и обука на педагошки служби и наставници за имплементирање на родова компонента во образовниот процес<br>• Организација и реализација на турнири во женски фудбал, одбојка и други спортови) | Сектор Образование, КЕМ, надворешни експерти, МОН | • Зголемен број на воннаставни активности за родова еднаквост<br>• Обучен наставен кадар<br>• Намалување на процентот на булинг во училиштата за 20%<br>• Зајакнување на ажурноста на педагошката служба и | Прва половина 2024 година | 10.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 4.1: Отворање на дневен центар за лица со попреченост** | | | | | | |
| **Резултат 4.1: Придонес кон почитување на правата на лицата со попреченост** | | | | | | |
| **Програма за еднакви ножности и локален економски развој (ЛЕР)** | Подобрени услови за живот на лицата со попреченост | • Анализа и мапирање на состојбата на лицата со попреченост во веќе постоечкиот дневен центар<br>• Работна средба со Советот за социјална заштита и здруженија за лица со попреченост за актуализирање на потребите на лицата со попреченост<br>• Отворање на дневен центар за лица со попреченост<br>• Анкетен прашалник за состојбата со лицата со аутизам во општината<br>• Отворање на едукативен центар за лица со аутизам | ЛЕР, одделение за урбанизам, одговорно лице за социјална заштита | **Почетна точка:** аплицирање на проект за дневен центар и одобрување на проектот<br>**Посакувана состојба:** Отворање на дневен центар за лица со попреченост | 2025 | 2.000.000 МКД |
| **Специфична цел 4.2: Зголемување на вработливоста на родителите на децата со попреченост** | | | | | | |
| **Програма за еднакви ножности и ЛЕР** | Подобрување на финансиската ситуација на фамилиите на лицата со попреченост | Курсеви за преквалификација на родителите на лицата со попреченост | Во соработка со сектор образование и ЛЕР | Број на родители вклучени во програмите | 2027 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 5.1: Родово сензитивни медиуми** | | | | | | |
| **Резултат 5.1: Зголемување на степенот на застапеност на жените во локалните медиуми** | | | | | | |
| **Програма на КЕМ, лице одговорно за односи со јавноста** | Унапредување на состојбата на жените во медиумите | • Истражување за застапеноста на жените во локалните медиуми<br>• Едукативни работилници за локалните медиуми за (не) застапеноста на жените во медиумите и медиумските кампањи и употреба на родово сензитивен јазик<br>• Работилница со продуцирање на подкасти од жени во медиуми и можност за следење добри практики | КЕМ, локални медиуми, здружение на новинари | Степенот на зголемување на жени кои се појавуваат на локални медиуми за 20% | 2024-2025 | 10.000 МКД |

| Специфична цел 6.1: Родово одговорно буџетирање на општината | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 1.4: | | | | | | |
| **Програма на КЕМ, лице одговорно за односи со јавноста** | Унапредување на состојбата локалната самоуправа и јавните претпријатија во однос на родово одговорното буџетирање | • Истражување за застапеноста на родово разделените податоци по сектори<br>• Едукативни работилници за претставници на локалната самоуправа за важноста од собирање на родово разделени податоци и родово одговорно буџетирање<br>• Работилница со претставници од сектор финансии за воведување на буџетски циркулар во буџетите на програмите | КЕМ, локална самоуправа, раководители на сектори на општината | Степенот на зголемување на родово разделени податоци по разни основи за 30% во општината и јавните претпријатија. Степенот на родово сензитивни програми во рамки на општината и јавните претпријатија | 2024-2025 | Нема буџетски импликации |
| **Специфична цел 6.2: Зголемување на бројот на жени во донесување на клучни одлуки во јавниот, политичкиот живот (членови на управни одбори, раководни места, политичкиот живот)** | | | | | | |
| Резултат6.2: | | | | | | |
| **Програма на КЕМ, лице одговорно за односи со јавноста** | Зголемување на бројот на жените на лидерски позиции | • Едукативни работилници за охрабрување на жените за учество во органи на управување | КЕМ, локална самоуправа, раководители на сектори на општината | Повеќе жени на раководни функции во рамки на општината и јавните претпријатија | 2024-2025 | Нема буџетски импликации |
| **Специфична цел 6.3: Вклучување на жените и младите во процесите на креирање на локални политики, годишни општински програми и буџети** | | | | | | |
| Резултат 1.4: | | | | | | |
| **Програма на КЕМ, лице одговорно за односи со јавноста** | Унапредување на родово одговорното буџетирање | • Организирање на родово буџетски форуми во општината | КЕМ, локална самоуправа, раководители на сектори на општината | • Број на присутни жени и мажи на формите<br>• Број на предлози<br>• Број на усвоени предлози од жени и мажи | 2024-2027 | |

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Стефи

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

**Дали тој во обуките се јавил/а како:**
**А) слушател/слушателка**
**Б) обучувач/обучувачка**

**1.Координаторката за еднакви можности има слушано тридневна обука на тема ,,Силни девојки- силна заедница"** за зајакнување на вештините за родово-сензитивности известување и ефективно водење и застапување за родова еднаквост. ( слушателка)
2.Работилница на тема ,,Дискриминација кај младите" (обучувач)
3. Форум за еднаквост и различност кој има за цел да поттикне инклузивност и да се адресираат релевантни прашања во заедницата ( слушател)
4. Тридневна обука за родово одговорно буџетирање во Охрид ( слушател)
5. Конференција во рамки на проектот ,,Низ женски леќи на тема Родово-одговорно буџетирање помеѓу посакуваните и успешните практики на прераспределба на јавните финансии на локално, регионално и национално ниво за потребите на мажите и жените" (слушател)

| |
|---|
| 6. Дводневна обука на тема ,,Пристојна работа за жени работнички- социјално учество и зајакнување" (слушател)<br>7 Обука за подготовка на Стратегија за родова еднаквост во Ресурсен центар за родова еднаквост (слушател) |
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br>Координаторот за еднакви можности на Општина Кавадарци има посетено обуки од следниве теми:<br>- 4 основни обуки за родова еднаквост и недискриминација<br>- 3 обуки за семејно насилство и родово базирано насилство<br>- 5 обуки за родовата еднаквост и социјалната заштита |
| **2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br><br>Добиените знаења координаторот за еднакви можности ги пренесува преку споделување на материјали од обуките, претставување на резултати, статистики и се она што е споделено на обуките.<br>Исто така координаторката за еднакви можности во неформални средби постојано ја потенцира родовата компонента во работењето на општинската администрација и во секој аспект на функционирањето на институциите |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br><br>Координаторката за еднакви можности на жените и мажите ги има доставено до ЕЛС сите документи, програми и стратегии кои се однесуваат на родовата еднаквост, а поголемиот дел од нив се прифатени и реализирани. Програмата за еднакви можности чиј линк го приложивме во погорниот дел од извештајот и истата е достапна на веб страната на Општината е речиси во целост реализирана, освен мерката за обезбедување на бесплатни менструални влошки за сите ученички во Општина Кавадарци<br><br>Исто така во изминатата 2024 година координаторката во соработка со UN Woman предложи Стратегија за родова еднаквост 2024-2027 година и Советот на Општина Кавадарци истата ја усвои |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>Сите иницијативи кои се предложеи се усвоени од ЕЛС |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Координаторката за еднакви можности на жените и мажите се соочува со предизвици во обидот да создаде фер и инклузивни политики и практики во рамките на институцијата и локалната заедница. Некои од најголемите предизвици со кои се соочуваат се :

- Стереотипи од колеги/колешки кои имаат погрешна перцепција на спроведувањето на Програмата и реализацијата на активностите, а тоа дополнително ја отежнува работата на координаторката
- Отпор кај некои од вработените во инстируциите кога се спроведуваат политики за еднакви можности. Се јавува сомнеж во врска со промените во постоечките структури, а особено во корпоративните или државните системи каде што доминираат патријархални традиции.
- Недоволна промоција на веб страна на општината
- Некомплетна база на родово разделени податоци поради не водење на статистика
- Нефункционална интерсекторска група

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Пример за добра пракса е јавниот повик за избор на најдобар бизнис план со кој ги мотивираме младите, особено девојките да размислуваат за свои идеи за бизнис планови, а за тоа дополнително им обезбедуваме награди што го прават јавниот повик со натпреварувачки карактер.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Почесто организираните активности придонесоа локалното население да почне да ги препознава родовите перспективи во сите аспекти на живеењето.
Успешните активности на Комисијата покажуваат дека еднаквоста треба да ги вклучи сите жени и мажи, без разлика на нивната етничка, економска или социјална позадина.
Како Комисија успеавме да ги идентификуваме специфичните потреби и предизвици со кои се соочуваат различни групи како што се жените во руралните области, жените со попречености или етнички маргинализираните групи.
Економската моќ игра централна улога во постигнувањето родова еднаквост
Родово разделените податоци се една од главните алатки со кои се подготвува програмата за еднакви можности, бидејќи преку податоците гледаме каде се слабостите и потребите на граѓаните

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Активностите кои се планираат во 2025 година се:

1.Едукативни работилници и настани во рамки на Советот за поддршка на женско претприемништво
2. Јавен повик- награда за најдобар бизнис план во средните училишта
3. Организирање настан со наслов „По стапките на успешните"
4.Организирање на обуки за развој на основни претприемачки вештини (планирање бизнис, маркетинг финансирање, управување со човечки ресурси, продажба на трудот)
5. Подготовка на Стратегија за развој на женско претприемништво на Општина Кавадарци
6. Работилница за бизнис претприемништво во Zingiber (пример за успешна бизнис приказна)
7. Програмата за репродуктивно здравје, менструална сиромаштија, машко здравје
8.Организирање на едукативни работилници во основни и средни училишта на тема „Здрави животни навики кај момчињата и девојчињата и справување со акните"
9.Одбележување на месец октомври- месец на канцер на дојка и ноември месец на машкото здравје
10.Промоција на ментално здравје и превентивни програми за мажи и жени
11. Едукативен настан на тем „Влијанието на здравјето на жените на економскиот развој"
12.Организирање на крводарителска акција
13.Родова анализа на корисниците на социјална финансиска помош за лекување и новороденче од општината
14.Извештај за состојбата на родово базирано насилство и семејно насилство
15.Кампања за промоција на специјализирани услуги за жртви на родово базирано насилство
16.Промоција на политиките за нулта толеранција за насилство во општинските институции и локалната заедница
17.Одбележување на меѓународни датуми за покренување свест за родова еднаквост, спречување на насилство 8 ми март, 16 дена активизам против родово базирано насилство, ден на човекови права...)
18. Организирање на Традиционален Тиквешки саем на локални производи
19.Активности со цел покренување на свеста за лицата со попреченост
20.Образовни и тренинг програми за промоција на еднакви можности во спортот
21. Организирање на бесплатни часови за пливање во соработка со Олимписки комитет
22.Организирање на женска трка
23.Едукативен настан за родители на спортисти/ки
24.Кампања за медиумска видливост, поддршка и промоцја на жените во спортот
25. Организирање на програми за подигнување на свеста за родова еднаквост: обуки, семинари, кампањи во образовните институции и наставните програми
26.Кампања за поттикнување на жените за учество во STEM области (наука, технологија, инжинерство, математика)
27. Ораторска вечер на тема „Жените го менуваат-мажите го движат светот"
28. Саем на млади таленти по повод меѓународен ден на младите „Талент без граници"
29.Одбележување на 21 март: светски ден на поезијата со настан под мотото„Поетски гласови за еднакви можности- прослава на поезијата и родовата еднаквост"
30. Конкурс за најдобар деликатес со вино по повод Св.Трифун „Вино на женски начин, магија во секој вкус" и одбележување на празникот Св. Трифун со дегустација
31.Тренинг за млади земјоделци и производители на вино и развој на вински туризам

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол** ( 4 жени и 1 маж)

**б) Образование** ( сите се со високо образование)

**в) Етничка припадност** (Македонска етничка припадност)

**г) Припадност на политичка партија** (2 од СДСМ и 3 од ВМРО-ДПМНЕ)

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС (**КЕМ не е во целост активно вклучена во донесувањето на развојната програма)

**б) во донесување на буџет на ЕЛС (**КЕМ е вклучена во донесувањето на буџетот само на Буџетот на Програмата за еднакви можности)

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

КЕМ активно се вклучува во давање на предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности, во други комисии, јавни повици кои се објавуваат, образование

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Гореспоменатите активности и мерки во Програмата за еднакви можности се сите доставени до Советот на ЕЛС и сите се прифатени, а со тоа придонесуваме за унапредување на еднаквите можности на мажите и жените во локалната заедница.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Да, Комисијата з аеднакви можности на мажите и жените има годишна програма за работа

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности има одржано 2 состаноци чии записници ќе ги испратам во прилог на Годишниот извештај, но имаат Вибер група на која се во постојана комуникација и таму ги ги споделуваат идните активности, своите ставови и се во тек со сите активности кои се реаизираат во рамки на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

За да се подобри функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво, како и помеѓу единиците на локалната самоуправа потребно е:

- Засилување на комуникацијата помеѓу централните и локалните институции
- Организирање на обуки и работилници за вработените и раководителите
- Јасно дефинирање на улогите и одговорностите на координаторот за еднакви можности до сите вработени во локална самоуправа
- Промоција на родово сензитивни буџети
- Зголемување на капацитетите на локалните механизми за родова еднаквост

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

- Секој секторски план или програма треба да вклучи родова анализа при дефинирањето на целите, активностите и индикаторите
- Воведување на обврска за редовно следење и оценување на напредокот во имплементацијата на родовата еднаквост во секој сектор
- Развивање на програми за истражување и анализа на родовите нееднаквости во различни сектори
- Спроведување на национални и локални кампањи за подигнување на свеста за важноста на родовата еднаквост во општеството
- Поголем процент на финансии за спроведување на активности за родова еднаквост